Киро КАМБЕРСКИ

# ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПО ОСЛОБОДУВАЊЕТО

**- основни развојни карактеристики -**

## Вовед

Образованието на возрасните во Македонија по ослободувањето како дел на воспитно-образовната дејност, одигра значајна улога во подигањето на образовното и културното ниво на возрасните, кои од низа причини немале можност да се образоваат во иституциите на редовниот школски систем. Анализата на главните процеси и карактеристики покажува дека можат да се разликуваат неколку развојни фази:

- период на масовно народно просветување, кој започнува уште во текот на НОБ и трае до 1953 година,
- период на систематско образование на возрасните, од 1953 до познатата реформа на системот на воспитанието и образованието 1974 година, и
- период на интегрирање на образованието на возрасните во глобалниот воспитно образовен систем, од 1974 година наваму.

За сите овие фази е карактеристично што воспитно-образовниот систем, во рамките на кој и образованието на возрасните се развива во услови на изградба на општествени односи, со атрибут социјалистички, кои чинат една од основните детерминанти на вкупниот разовј на воспитно-образовната дејност, па и на образованието на возрасните (до почетокот на деведесеттите години).

Според д-р Боривој Самоловчев, еминентен андрагошки мислител, системот на образованието на возрасните во овој период го конституираат следните установи: училишта за општо и позивно образование, народни универзитети, работнички универзитети, центри за образование во организациите на здружен труд, школи за самоуправувачите, центри за марксистичко образование, школи за општествено-политичко образование, народни библиотеки и читални, музеи и галерии, народни театри и кина, општествени организации и средства на масовните комуникации [1)].

1) Основи на андрагогијата, Скопје, 1981, стр.99-100

Во овој прилог се проследуваат основните развојни процеси на образованието на возрасните во Македонија по ослободувањето, во првите две развојни фази, и тоа првенствено од гледиштето на оние институционални организациони форми кои имаат доминантно школски обележја.

### Масовно народно просветување

Образованието на возрасните непосредно по ослободувањето било најмасовно и најинтензивно. Основната причина за тоа треба да се бара, пред сé, во големиот број неписмено население. Македонија, во која се зародила словенската писменост пред повеќе од милениум години, по ослободувањето се нашла во состојба со околу 75% неписмено население над десетгодишна возраст. Тој факт нужно барал од самиот почеток на слободното живеење да се преземат широки мерки и активности за отстранување на оваа културно-просветна заостанатост. Во напорите за отстранување на неписменоста и подигнувањето на образовното и културното ниво на возрасните биле вклучени сите општествено-политички фактори, народната власт, масовните организации, просветните, културните, здравствените работници и др. Во историјата на образованието на возрасните оваа фаза од неговиот развој е позната како *масовно народно просветување.*

Основна карактеристика на андрагошката активност во овој период била борбата против неписменоста.

Свесна за огромното значење на писменоста и образованието, младата македонска држава веднаш по ослободувањето презела широки мерки и активности за ликвидација на огромниот број неписмено население. Борбата против неписменоста претставувала една од главните преокупации не само на просветните органи и просветните работници, туку и на сите органи на народната власт, како и на општествено-политичките организации, а пред се на младината и жените.

Организирана борба против наследениот аналфабетизам започнала уште во текот на НОВ, а посебно интензивен и масовен карактер таа добила по конституирањето на АСНОМ. Президиумот на АСНОМ веќе на својата трета седница (2-5 септември 1944) донел решение да се организираат аналфабетски курсеви, за подигање писменоста на народот".[2] Со цел што поорганизирано да се пристапи кон оваа активност Поверенството за просвета при Президиумот на АСНОМ на 30 септември 1944 година испратило посебно упатство до обласните НОО со кое се барало "да ги спрегнеме сите сили за да ја подигнеме просветата и културата на народот и да ја премавнеме големата неписменост"[3]

Во овој подготвителен период биле ангажирани како просветните и државните органи, така и масовните општествено-политички

2) АСНОМ, Документи, т.1, кн.1, стр. 237
3) Архив на Македонија, Скопје, ф. АСНОМ, К.4

организации. Речиси немало ниту една седница или состанок на овие организации, а при тоа да не се повикувало членството да даде свој придонес во сузбивањето на неписменоста[4]. Борбата против неписменоста од почетокот добила општествен карактер. Таа била сфатена не само како културно-просветна потреба, туку и како политичка задача.

Како резултат на широко водената општествена кампања веќе во првата учебна 1944 /45 година речиси на целата територија на Македонија биле организирани аналфабетски курсеви и други форми на културно-просветно издигнување на неписменото население. Само во периодот јануари-април 1945 година, на пример, биле организирани 156 курсеви за описменување со кои биле опфатени 5.582 лица.[5]

Сузбивањето на неписменоста како една од приоритетните задачи во овие први години, меѓутоа, не можело да добие поширoки размери, пред сè, поради огромниот број нерешени прашања од материјално-техничка и кадровска природа.

За интензивирањето на активностите за описменување во нашата Република од посебно значење била 1947 година, кога бил донесен Првиот петгодишен план за развитокот на народното стопанство на Македонија, во кој меѓу задачите на културно-просветната политика било предвидено "во текот на петгодишниот план да се описменат сите неписмени луѓе над 14 години" [6]. Оваа мошне амбициозна, но и доста нереална задача ги раздвижила не само просветните, туку и другите државни и општествено-политички фактори. Така, Владата на НРМ во почетокот на 1947 година донела Уредба за курсевите за неписмени [7] според која организатори на вакви курсеви, покрај месните, реонските и градските народни одбори, можеле да бидат и културните друштва и масовните организации (Народниот фронт, Народната младина, АФЖ и синдикалните организации). Како нормативно-правен акт оваа уредба одиграла посебно значајна улога во интензивирањето и организирањето на борбата против неписменоста.

Организацијата на аналфабетските курсеви како најпогодна форма за описменување во ова време, со оваа Уредба била поставена на единствени основи. Било предвидено курсевите за описменување да траат 90 дена, наставните планови и програми да ги донесува Министерството за просвета, на крајот на курсот да се полага испит пред трилчлена

---

4) За улогата и придонесот на општествено-политичките организации во сузбивањето на неписменоста и културно-просветното издигнување на населението првите години по ослободувањето види: М-р Лазар Лазаров, Општествено-политичките организации во обновата и изградбата на НР Македонија 1944-1948, Скопје, 1979, стр. 166-173

5) Статистички податоци за одржаните аналфабетски курсеви во Македонија во 1944/45 година, Архив на Македонија-Скопје, ф.Министерство за просвета на НРМ, к. 27

6) Петгодишен план за развитокот на народното стопанство на ФНРЈ и народните републики 1947-1951, Белград, 1947, стр.418.

7) Службен весник на НРМ, бр.14/47, стр.149

комисија, а на курсистите кои успешно ќе го положат испитот да им се издава уверение. Со Уредбата посебно биле утврдени задачите на народните одбори, кои како државни органи имале најнепосредна одговорност да ја водат акцијата за описменување на неписменото население. Тие биле задолжени, пред сè, да водат сметка за материјално-техничката страна на работата на курсевите и да ги отстрануваат сите настанати пречки на тој план.

Со цел за поуспешно водење на борбата против неписменоста во текот на август 1948 година при Министерството за просвета била формирана посебна комисија од 11 членови, на чело со министерот за просвета.[8)] Комисијата имала задача да се грижи и да го следи проблемот на неписменоста и врз основа на резултатите и добиеното искуство да ја организира натамошната активност и преку разни форми и начини да го популаризира значењето на писменоста и образованието.

За тоа колку големо значење се придавало на овој проблем и колку тој бил актуелен сведочи и фактот што секоја година во текот на октомври била организирана "Недела на борба против неписменоста", која имала за цел преку разни објаснувачки и други активности да го популаризира значењето на писменоста и образованието.[9)] Во агитационата активност најчесто истакнувани пароли биле: "Ниту еден неписмен Македонец", "Неписменоста е големо народно зло", "Писмен народ силна држава, "Книгата е најголемо богатство", "Учи, учи и само учи" итн.[10)]

Статистичките податоци покажуваат дека во периодот 1945-1950 година во Македонија биле организирани вкупно 9 836 аналфабетски курсеви со кои биле опфатени 294.098 неписмени, од нив успешно завршиле 180.415 курсисти или 61,3%.[11)]

На аналфабетските курсеви покрај елементрарни знаења од читање и пишување се добивале и елементарни општи знаења, чија содржина од година во година постојано била проширувана.

Борбата против неписменоста била поставена како една од најважните државни и културно-просветни задачи во чие остварување биле вклучени сите расположиви сили. Огромен бил бројот на оние што во овој период за прв пат ги научиле буквите за подоцна да продолжат со доофомувањe на своето општо и стручно образование. Планираните и очекуваните резултати, меѓутоа, изостанале. Така и покрај широката мрежа на институции за борба против неписменоста и натаму се задржал висок процент на неписмено население. Според пописот од 1953 година, на пример, 35,7% од населението над десетгодишна возрст било неписмено, што во апсолутни бројки изнесувало 342 илјади лица. Неписменоста била далеку поизразена кај женскиот пол. Речиси

8) Службен весник на НРМ, бр.26/48,стр.225

9) Нада Јурукова, Основното воспитание и образование во Македонија 1944-1950,ИНИ Скопје, 1990, стр.155

10) Исто

11) Школство у ФНР Југославији, Београд, 1952.

половината (48,3%) од женската популација била неписмена, односно во структурата на аналфабетите женскиот пол учествувал со 67,2%.[12)]

Иако со послаб интензитет и без романтичарски занес борбата против неписменоста продолжила и во наредниот период, но во услови на значително изменета концепција на образованието на возрасните, прилагодена на новите општествени потреби и на педагошко-андрагошките барања. Така, аналфабетските курсеви, кои во претходните години имале доминантно место во акцијата за описменување, како надживеана форма, ги заменуваат основните училишта за возрасни како далеку попогодна и современа форма за описменување и за општо образование на возрасните. На тој начин описменувањето на возрасните се пренело во доменот на основното школство, но со специфична организација, содржина и методика на работа.

Покрај аналфабетските, во оваа фаза биле организирани и општообразовни курсеви преку кои возрасните се здобивале со основно образование. Вакви курсеви биле отворани при основните училишта, а непосредни организатори биле градските, односно околиските народни одбори. Општообразовните курсеви траеле 6 месеци, со неделно работно време од 10 часови, а се изучувале следните предмети: македонски јазик, сметање, историја, земјопис и природознание. Лицата што успешно ќе го завршеле курсот добивале свидетелство за завршено IV одделение. Работата на овие курсеви била регулирана со Уредба и Правилник, донесени во текот на 1948 година [13)].

Во овој период од развојот на образованието на возрасните биле организирани и курсеви за стручно образование на возрасните заради нивно успешно вклучување во процесите на обновата и индустријализацијата на земјата. Стручни курсеви како форма за оспособување на возрасните биле отворани речиси од сите гранки на стопанството, како и од некои општествени дејности.

Формите на образованието на возрасните во оваа фаза од неговиот развиток биле нужна последица на огромната културно-просветна заостанатост, наследена од предвоените владеачки режими. Иако добро организирани и масовно посетувани, тие, давале само елементарни знаења. "Во суштина, пишува д-р Боривој Самоловчев, тоа било просветување, а не систематско образование на возрасните, зашто целокупната воспитно-образовна дејност била насочена на отстранувањето на тешката заостанатост, преку брза, привидно ефектна и масовна акција, а не на систематско усвојување на темелни и целосни знаења, како и на практично оспособување за какви и да е дејност..." [14)]

Инаку, најраспространет вид на образованието на возрасните непосредно по ослободувањето била масовната воспитно-образовна

12) Статистички годишник на СРМ за 1968 год., стр. 58.

13) Види: Службен весник на НРМ /бр.1/48, стр.3 и бр.34/48,стр. 265.

14) Образованието на возрасните, во книгата: Воспитанието и образованието во Македонија 1943-1983,стр.162.

работа. Таа била условена од потребата широките народни маси да се информираат и да се здобијат со неопходни знаења за политичките, економските, научните и други појави и настани кај нас и во светот. Масовната воспитно-образовна работа била доста распространета, бидејќи за тоа време пружала најпогодни форми за широко и брзо воспитно дејствување во однос на актуелните политички, економски, социјални и други прашања што ги поставувал општествениот развиток. Најпознати форми на оваа андрагошка активност биле: јавните предавања, политичките информации, ѕидните весници, литературните вечери и други културно-уметнички и забавни приредби, разни политички собири, состаноци и др.

Треба да се одбележи дека во оваа фаза од развојот на образованието на возрасните посебно внимание се обрнувало на описменувањето и подигањето на општо образовното ниво на работниците. Во таа смисла бил изграден посебен систем што го сочинувале неколку форми. Неписмените работници биле опфаќани во почетен просветен курс, кој траел 3-6 месеци и на кој покрај основната писменост се добивале и знаења од сметање, историја и географија. По завршувањето на овој курс тие се запишувале на основен просветен курс, кој траел една година, а знаењата што се добивале на него биле во рамките на програмата на основното четиригодишно училиште.

Со цел да се подигне образовното ниво на работниците, Владата на НРМ на 19 мај 1947 година донела Уредба за отворање школи за општо образование на работниците[15]. Прва ваква школа била отворена во Скопје, организирана во два курса: нижи и виши, со траење од по две години. Од учебната 1948/49 година, со нова уредба на Владата, вишиот курс бил укинат[16]. Според оваа уредба школата имала ранг на неполна средна школа, школувањето траело 2 години, а можеле да се запишат работници што претходно завршиле IV одделение. Кандидатите што го завршувале ова училиште можеле школувањето да го продолжат во работничките техникуми или во некоја друга стручна школа. Во учебната 1948/49 година вакви школи биле отворени и во Титов Велес[17] и Струмица.[18] Во учебната 1950/51 година во Македонија работеле 28 школи за општо образование на работниците.

### Систематско образование на возрасните

Во почетокот на педесеттите години настанале значајни промени во пристапот кон образованието на возрасните. Динамичниот општествен развиток, а пред сè, развојот на стопанските дејности условувал потреба од зголемени знаења, а со самото тоа и потреба од

15) Службен весник на НРМ, бр. 19/47.

16) Службен весник на НРМ, бр.29/49, стр.229.

17) Службен весник на НРМ, бр.28 /48, стр. 280.

18) Службен весник на НРМ, бр.5 /49, стр.49.

создавање нови форми преку кои возрасните би се здобивале со систематски знаења, општи и стручни. Образовните потреби на возрасниот човек значително се зголемиле по воведувањето на работничкото и општествено (само) управување. Како резултат на овие нови потреби дошло до формирање на повеќе образовни установи за систематска воспитно-образовна работа со возрасните, меѓу кои: вечерни школи, стручни училишта и специјални паралелки за стручно образование при средните стручни училишта, работнички универзитети, центри за стручно образование и други форми. Во таа смисла биле донесени повеќе нормативни акти со кои се регулирале значајни прашања од сферата на образованието на возрасните, меѓу кои: Закон за вечерните основни училишта[19], Закон за нижите вечерни гимназии[20], Закон за стручно образование на земјоделците (1956) и др. Веќе во оваа фаза, иако, сеуште со недоволно јасни програмски и дидактички аспекти на образованието на возрасните, биле поставени основните елементи на современиот андрагошки систем кај нас.

Современото образование на возрасните, може да се каже, а тоа го потврдуваат и повеќе андрагошки истражувачи,коинцидира со воведувањето на работничкто самоуправување како нов општествено-политички механизам во управувањето со општествениот развиток и живот. Најбележита појава во андрагошката сфера е основањето на работнички универзитети како институции за образование на возрасните. Формирањето на овие институции произлегло, првенствено, од потребата работните луѓе и граѓаните на организиран и систематски начин да се здобијат со општи и стручни знаења заради успешно извршување на производствените и работни задачи.

*Работнички универзитети*

Во нашата држава работнички универзитети како институции за образование на возрасни почнале да се формираат од 1953 година. Тие доживеале мошне брз и динамичен развиток, поминувајќи низ некоку карактеристични фази. До донесувањето на Општиот закон за школство (1958 г.) работничките универзитети биле третирани како синдикални организации, а потоа поминале во надлежност на општинските собранија. До 1965 година, кога тие под дејство на стопанската реформа минале во нова фаза на развој, карактеристична, пред сè по ослободувањето од административно-етатистичките односи, во Македонија биле основани 28 работнички универзитети. Процесот на нивниот развиток течел вака: во 1953 година работнички универзитети биле отворени во Скопје, Штип, Прилеп, Гостивар и Струмица; во 1954 во Титов Велес, Куманово, Тетово, Охрид, и Пробиштип; во 1955 во Битола и Кочани, во 1957/58 во

19) Службен весник на НРМ,бр.35/54, срс.479

20) Службен весник на НРМ, бр.19/55, стр.226

Кавадарци, Дебар, Кичево и Ѓевѓелија, во 1959-61 во Ресен, Крушево, Берово Делчево, Свети Николе, Струга, Радовиш, Валандово и Неготино, и во 1963-65 година во Кратово, Крива Паланка и Виница [21]. Во наредниот период (до 1975 г.) како резултат на одредени интеграциони зафати со други културно-просветни институции дошло до укинување на некои работнички универзитети, така што за време на овој период, главно, работеле 25 универзитети.

Работничките универзитети по својата насоченост и програмска заснованост веќе во овој период успеале да се развијат во "установи за интегрално образование на возрасните" [22]. Како институции со поливалентна функција за образование и културно издигнување на возрасните, работничките универзитети својата дејност ја развивале врз следните образовни подрачја:

1. Марксистичко, општествено-економско и политичко образование;

2. Основно и општо образование на возрасните;

3. Стручно образование на возрасните;

4. Културно-уметничка дејност;

5. Образование за општонародна одбрана и општествена самозаштита, и

6. Информативна и издавачка дејност [23].

Работничките универзитети во Македонија во овој период посебна дејност развиле на планот на описменувањето и основното образование на возрасните. Со оваа дејност тие почнале да се занимаваат од учебната 1961/62 година. Во назначената учебна година на основното образование на возрасните работеле 7 работнички универзитети: Скопје, Прилеп, Титов Велес, Битола, Штип и Кичево. Во учебната 1974/75 во рамките на 15 работнички универзитети работеле 104 паралелки за основно образование на возрасните. Во нив биле опфатени 3515 слушатели од кои половината биле на возраст до 25 години. Работничките универзитети, главно работеле на дооформување на основното образование, односно во нив биле опфаќани лицата што претходно имале завршено четврто одделение. Организацијата и наставниот план и програма биле така концепирани за една учебна година да можат да се завршат две одделенија.

Значајна активност работничките универзитети во овој период покажале и на планот на стручното оспособување и усовршување на возрасните. Оваа дејност тие ја реализирале на три основни програмски подрачја:

1. Стручно-техничко образование за оспособување и усовршување на работници за определени работни функции и задачи (занимање);

---

21) Развојот и дејноста на работничките и народните универзитети во СР Македонија во периодот 1953-1988, година, Скопје,1990, стр.4

22) Д-р Боривој Самоловчев, Основи на андрагогијата, Скопје, 1981, стр. 102

23) Развојот и дејноста на работничките и народни универзитети.,.., стр. 6

2. Организирање подготвителна настава за запишување во средните училишта и на вишите школи и факултети; и

3. Организирање училишта - за средно образование (верифицирани училишта).

Во рамките на првото програмско подрачје биле организирани следните видови воспитно-образовна работа:

- здобивање со стручен степен КВ и ВКВ работник;
- доквалификација;
- преквалификација, и
- стручно оспособување за работно место и занимање.

Општо земено, работничките универзитети во овој период и покрај одредени слабости, се афирмирале како значајни институции за интегрално образование на возрасните.

**Центри за стручно образование**

Центрите како форма за стручно образование и усовршување на возрасните во нашата Република се јавиле во почетокот на шеесеттите години, по донесувањето на Сојузната резолуција за образование на стручните кадри (1960). Најголем број вакви установи биле лоцирани при заводите за вработување и при поголемите работни организации, но со време, поради уситнетоста на стопанството во Македонија, нивната функција била пренесена во центрите при заводите за ьработување, а делумно и на работничките универзитети. Работата на овие центри била насочена кон стручно оспособување, квалификација, доквалификација и преквалификација, претежно на невработените. Основни форми на работа биле курсевите и семинарите, со траење од 3-24 месеци. Наставата имала теоретски и практичен карактер. Практичната настава се изведувала во сопствени работилници или при работните организации.

Најголем број вакви институции претставувале центрите за стручно образование и преквалификација на невработените. Тие работеле во рамките на дејноста на заводите за вработување. Мрежата на овие институции речиси ја покривала целата територија на Македонија. Во периодот 1961 - 1974 година работеле 17 вакви центри при заводите за вработување, а стручно оспособување вршеле во 26 населени места. Во назначениот период за вршење одделни дејности или занимања биле стручно оспособени и лица, главно невработени, и тоа за потребите на градежништвото, текстилната индустрија, металската и електрометалската струка итн.

Работата на центрите, главно била свртена кон давање одредени квалификации или вршење преквалификација на невработени лица, што значи дека тие во овој период се јавувале и развивале во функција на неопходен коректив на лошо водената кадровска и стопанска политика, од една страна, и за надминување на слабостите и недостатоците на редовниот школски систем, од друга страна. Поради,

тоа тие и не можеле да ја афирмираат својата вистинска функција од гледиштето на современото образование на возрасните, сфатено во квалификациона и технолошко-работна смисла, односно првенствено да работат на специјалистичкото образование и професионалното усовршување како нужна претпоставка на современиот производно-технички и научно-технолошки развиток.

**Училишта за образование на возрасните**

Како форма за систематско образование на возрасните, училиштата имале значајно место во институционалната структура на андрагошкиот воспитно-образовен систем во овој развоен период. Првите облици на школско образование на возрасните се јавиле непосредно по ослободувањето. Веќе во учебната 1947/48 година со работа почнале првите школи за општо образование на работниците. Од учебната 1953/54 година со работа почнале и повеќе училишта за основно образование на возрасните. Нивниот број од година во година постојано растел, така што веќе во учебната 1960/61 година во нашата Република работеле 108 вакви училишта со вкупно 8.453 слушатели [24].

Покрај основните, во овој период се јавиле и училишни форми за стручно образование на возрасните, меѓу кои:

- училишта и паралелки за стручно образование на веќе вработените работници;
- училишта за квалификувани и висококвалификувани работници;
- специјални паралелки за стручно образование на возрасните при постојните стручни училишта;
- вонредно школување на возрасните при стручните училишта, итн.

Училиштата за стручно образование на возрасните најдинамичен развиток доживеале по донесувањето на Резолуцијата за обвразованието на стручните кадри (1960 г.).

Развитокот на училиштата (општи и стручни) за возрасни се одвивал нерамномерно. Школското образование на возрасните најинтензивен развиток доживеало во периодот 1955/56 - 1960/61 година. Во учебната 1960/61 година, на пример, работеле вкупно 205 училишта со 12.825 слушатели, потоа нивниот број постепено почнал да се намалува. Овој интензивен развиток може да се доведе во врска со реформските процеси на школскиот систем, со оглед на тоа што со промените се предвидувало претходно завршено осумгодишно основно училиште за секое натамошно образование, што до тоа време не било случај.

Стопанската реформа од 1965 година отворила нови процеси во целокупното, па и во образованието на возрасните. Овие нови предизвици на своевиден начин се одразиле и врз развојот на школското образование на возрасните, што може да се види и од следниот преглед:

---

24 Никола Младеновски, Резултати во образованието на возрасните, "Просветно дело", Скопје, 1961, бр.5-6, стр.340

## ПРЕГЛЕД НА РАЗВОЈОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВИДОВИ УЧИЛИШТА ВО ПЕРИОДОТ 1966/67 - 1974/75 ГОДИНА

| Учебна година | основни училишта | | уч.за ВК и ВКВ работници | | тех.идруги стручни училиш. | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | бр | слушатели | бр. | слушатели | бр. | слушатели | бр. | слушатели |
| 1966/67 | 14 | 2.029 | 10 | 523 | 9 | 556 | 33 | 3.108 |
| 1967/68 | 15 | 1.739 | 10 | 419 | 9 | 605 | 34 | 2.763 |
| 1968/69 | 17 | 1.790 | 7 | 286 | 8 | 726 | 32 | 2.802 |
| 1969/70 | 13 | 1.749 | 12 | 826 | 12 | 961 | 37 | 3.537 |
| 1970/71 | 12 | 1.466 | 12 | 934 | 10 | 1.142 | 34 | 3.542 |
| 1971/72 | 15 | 2.289 | 9 | 882 | 11 | 1.534 | 35 | 4.705 |
| 1972/73 | 17 | 2.345 | 7 | 753 | 12 | 1.909 | 36 | 5.007 |
| 1973/74 | 19 | 2.572 | 6 | 800 | 14 | 2.333 | 39 | 5.705 |
| 1974/75 | 23 | 3.761 | 9 | 1.079 | 15 | 2.552 | 47 | 7.392 |

(Извор: Статистички годишник на СРМ од 1968 до 1975).

Од приведените податоци лесно може да се воочи дека во овој период дошло до зголемување на интересот кај возрасните за дооформување на своето образование, што е посебно евидентно кај техничките и другите стручни училишта. Оваа позитивна тенденција, покрај условеноста од процесите на стопанската реформа и општествено-економскиот развиток, била резултат и на промените во сфаќањата за значењето на образованието, знаењата, стручноста и воопшто на кадрите во вкупниот општествен и стопански развиток.

Треба да се одбележи дека од почетокот на шеесеттите години, со сè поразвиената андрагошка воспитно-образовна практика, се зголемувал и интересот за теоретските и научните аспекти на образованието на возрасните, а со тоа и потребата од оспособување на стручни кадри за работа во оваа област. Согледувајќи ја оваа потреба, Групата, односно Институтот за педагогија при Филозофскиот факултет во Скопје од учебната 1962/63 година во наставниот план како посебна наставно-студиска дисциплина ја вклучил андрагогијата, која, како научна дисциплина ги проучува и осознава прашањата и проблемите на образованието на возрасните. Со тоа и кај нас биле создадени можности за стручно-научен пристап кон оваа значајна општествена дејност, а образованието на возрасните добило многу понагласено општествено значење и шанса за натамошна афирмација.

**Образованиео на возрасните - интегрален дел на глобалниот едукативен систем**

Во шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години од страна на државните органи и водечките политички структури биле преземени мерки за реформски зафати на целокупниот систем на воспитанието и образованието, во смисла на негово прилагодување кон потребите на општествено-политичкиот и стопанскиот развиток, на техничко-технолошкиот напредок и новите педагошки и други сознанија. Во таа смисла биле донесени неколку значајни државно-политички документи во кои се укажувало на главните правци на трансформацијата на воспитно-образовниот систем, а биле заземени и ставови по многу прашања од несомнено значење за неговиот натамошен развој и усовршување. Меѓу најважните вакви документи треба да се посочат: Резолуцијата на Сојузното собрание за развојот на воспитанието и образованието врз самоуправна основа (1970), Резолуцијата на Собранието на СРМ за перманентното образование (1973) и Резолуцијата на X Конгрес на СКЈ за самоуправната и социјалистичката преобразба на воспитанието и образованието (1974). Во овие документи нагласено место и значење му е дадено и на образованието на возрасните.

Основната определба е содржина во идејата за "рамноправност на сите видови и форми на образованието на младите и возрасните и за нивно поврзување во единствен воспитно-образовен систем". Во таа смисла се нагласува и потребата од надминување на подвоеноста на училишниот систем и системот на образованието на возрасните.

Ваквата опција својата заснованост ја ноаѓала во идејата на перманентното образование, која во шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години добила теориска и практична осмисленост во многу земји во светот, па и кај нас. Оваа идеја поаѓа од ставот дека образованието не завршува со школувањето во младоста, туку станува перманентен процес.

Во нашата Република идејата на перманентното образование како конституента на системот на воспитанието и образованието општествено е официјализирана од 1973 година, со донесувањето на Резолуција за перманентното образование во Собранието на СРМ на 9 октомври [25].

Доктрината на перманентното образование произлегла првенствено од економската улога што ја имало образованието во услови на снажен развиток на научно-техничкиот прогрес и современите промени, а се засновувала на фактот дека човечкиот фактор останувал решавачки во општествената репродукција, бидејќи од него зависи науката најпрво да оствари нови откритија и пронајдоци, а потоа овие знаења да бидат што побргу применети во производството и другите сфери на човековиот труд [26]. Бидејќи промените во современиот свет се многубројни и

---

25) Службен весник на СРМ, бр. 37/73

26) Драгомир Филиповић, Развој и образовање, Београд, 1989, стр.134

разновидни, а многу знаења бргу застаруваат, човекот повеќе не можел да остане со оние знаења што ги стекнал за време на школувањето во младоста, туку е неопходно тој да се образова во текот на целиот живот. "Образованието, се вели во Резолуцијата од 1970 година, улогата што му припаѓа може да ја одигра само ако е перманентно, ако оди во чекор со развитокот на науката, техниката и културата, ако е во склад со научно-техничката револуција".

Поаѓајќи од овие ставови, во Резолуцијата, меѓу другото, се барало да се обезбеди рамноправен третман на образованието на младите и возрасните, да се изгради единствен систем (за децата, младината и возрасните) со најразновидни облици на образование, различни по содржина на своите програми, траење и организација,образованието на возрасните да најде свое место во системот, обрзованието со работата и повратно (рекурентно) образование да се развиваат како компонента, односно составен дел од ситемот на воспитанието и образованието, итн.

Во посочениве документи образованието на возрасните се третира и сфаќа како субсистем на глобалниот едукативен систем, примарно, со следните воспитно-образовни функции: (1) продолжено (промотивно) образование, (2) перманентно стручно усовршување (иновационо образование), (3) квалификација и (4) реквалификација. [27]

Овие се само некои од концепциските определби со кои се дефинира новата позиција, значењето и улогата на образованието на возрасните со реформските документи од крајот на шеесеттите и почетокот на седумдесеттите години. Како тие се рефлектирале во практиката е прашање што заслужува натамошно истражувачко внимание.

Kiro KAMBERSKI

## ADULT EDUCATION IN MACEDONIA AFTER THE LIBERATION

(Summary)

Within this article the author analyses the developing processes and characteristics of tne adult education in the period after the liberation of Macedonia. The analyses disrlays that three developing phases can be distinguished: a phase of general national education, a phase of systematic adult education and a phase which consists in including the adult education into the global system of education.

A particular attention is being devoted on the institutionalization of the adult education. In this context the author inspects closely the development and the activities of the most eminent institutions: labour universities, centres for vocational training, and schools for education of tne adults.

The article also goes over the attempts for integration of the adult education into the global educational system based on the idea of lifelong education.

---

27 Види: Боривој Самоловчев, Основи на андрагогијата, Скопје, 1981.